ANALYSIS OF THE FREQUENCY OF EPENTHETIC *L* IN TWO MEDIEVAL MACEDONIAN MANUSCRIPTS

АНАЛИЗА НА ФРЕКВЕНЦИЈАТА НА ЕПЕНТЕТСКОТО *Л* ВО ДВА МАКЕДОНСКИ СРЕДНОВЕКОВНИ РАКОПИСИ

Sonja NOVOTNI, Mihajlo MARKOVIĆ

University of Tetovo, Faculty of Philology, MK
sonja.novotni@unite.edu.mk mihailo.markovic@unite.edu.mk

Abstract

In Slavic historical linguistics and Paleoslavistics, the epenthetic *l* (an inserted *l*) is a consonant that developed during the Proto-Slavic period through the process of the palatalization of labial consonants (*p, b, m, v*) when followed by the sound *j*. Regarding medieval manuscripts (specifically the characteristics of the Macedonian and other Church Slavonic recensions from the 12th century onwards), the presence or absence of the epenthetic *l* serves as a key linguistic and orthographic criterion for determining the age, origin, and tradition of a manuscript. This paper examines two medieval Macedonian Church Slavonic manuscripts dating from the 14th century: the Sloeshtic Patericon and the Slepche Patericon.

Keywords: epenthetic *l*, Sloeshtitc Patericon, Slepche Patericon, Macedonian.

Апстракт

Во словенската историска лингвистика и палеославистиката, епентетското *л* (вметнато *л*) претставува консонант кој се развил во прасловенскиот период при процесот на јотизација на усните (лабијални) согласки (*п, б, м, в*) кога по нив следувал гласот ј. Кога станува збор за средновековните ракописи (особеностите на македонската и другите црковнословенски редакции од XII век па натаму), присуството или отсуството на епентетското *л* претставува еден од клучните јазични и правописни критериуми за утврдување на староста, потеклото и традицијата на ракописот. Предмет на наша обработка во овој труд се два македонски црковнословенски средновековни ракописи од XIV век. Станува збор за Слоештичкиот и за Слепченскиот патерик.

Клучни зборови: епентетско *л*, Слоештички патерик, Слепченски патерик, македонски.

Во прасловенскиот јазик, комбинациите од усните согласки со *ј* (*пј, бј, мј, вј*) биле тешки за изговор, па помеѓу нив се развил рефлексот *л* (односно меко *л'*). Сп.: *зем-ја* станало *земља* (*земља*), *купјен* станало *куплјен*, *лобје* станало *лоблје*. Карактеристично за македонските говори уште во средниот век е тоа што епентетското *л* почнало постепено да се губи во живиот народен јазик. Луѓето почнале да изговараат *земја, погребен*, наместо постарите форми *земља, погреблјен*. Поради ова, во средновековните македонски ракописи се појавува двојство: а) во конзервативните/архаични ракописи писарите кои строго се држеле до старата кирилометодиева правописна традиција продолжувале редовно да го пишуваат епентетското *л*, а во иновативните/понови ракописи се белеши влијание на народниот говор. Во многу македонски текстови од XII-XIV век, писарите под влијание на сопствениот изговор несвесно го испуштале ова *л*. Така, појавата на форми како *земја* наместо *земља* во некој ракопис е јасен доказ дека тој текст настанал на македонско јазично подрачје и го одразува живиот македонски говор од тоа време.

Прашањето на чување или испуштање на епентетското *л* јасно ги разграничува средновековните словенски редакции, па така, западномакедонски говори (Охридска книжевна школа) покажуваат посилен тренд на рано губење на епентетското *л* во одредени позиции во живиот говор. Токму затоа, епентетското *л* во средновековните ракописи е „јазичен фосил". Неговото испуштање во текстовите е еден од најраните

https://doi.org/10.62792/ut.icfra.y2026.i2.pp131

пишани докази за развојот на специфичните македонски дијалектни црти наспроти останатите словенски јазици.

Во библиотеката на БАН во Софија со бр. 77 е обележан еден македонски патерик од почетокот на XIV век. Станува збор за Слоештичкиот патерик (Слоеш), кој извесно време се чувал во Археолошкиот музеј во Софија, од каде што бил пренесен во БАН. Ракописот содржи 286 пергаментни листа, пишувани на мали листови со димензии 20x14 см. Ракописот нема оригинална пагинација, туку има две нови пагинации. Почетокот на ракописот е изгубен, односно недостасува 1 лист, а на крајот можеби 3-4 листа. (Новотни, Марковиќ: 2022, 15)

Слепченскиот патерик (Слепч) е ракопис којшто е пишуван на крајот на XIV век на дебела и груба хартија на 246 листа со димензии 20x13 см, кој од Слепченскиот манастир прво бил пренесен во Археолошкиот музеј во Софија, а оттаму бил префрлен во Софиската народна библиотека каде што се чува и денес под број 1037. Пишуван е со безјусов правопис. Нема оригинална пагинација, односно има понова пагинација која прво е погрешена па потоа од друга рака повторно пагиниран. Стари записи нема, а поновите се на македонски јазик. Писмото е читливо, правилно пишувано, секоја страница содржи 20 реда со некои исклучоци, има многу кратенки, лигатури и надредни знаци, пишуван е без многу грешки и само на мал број страници е оштетен и не се чита. Фалат страници на почетокот и на крајот на ракописот. Ракописот започнува со житие за Еуфимија, а содржи и повеќе помали текстови. (Марковиќ, Новотни: 2019, 5-25)

Според В. Јагич пишувањето на епентетско л во Добромировото евангелие било по традиција, бидејќи во тоа време епентското *л* веќе не се изговарало. (Jagic: 1898, 35) Бројноста на примерите со епентетското *л* во Охридскиот апостол, Кульбакин ја објаснува како пренесена состојба од оригиналот, кој, одликувајќи се со голема старина, доследно ја спроведува и оваа појава (Кульбакин: 1907). Епентетското *л* особено го бележат Крат и Верк. Јов покажува тенденција на негово доследно отклонување од употреба. (Мошин: 1954, 41) Во Слепч епентетското l се употребува без некое забележливо правило, а можеме да го забележиме на некои места со еров знак, а на некои места и без еров знак.

Во Слоештичкиот патерик нема некое правило во бележењето на епентетското l. Најчесто се употребува во формите на именката zeml`L па имаме: zemli 10/3, zemlqnaago 43/19, zeml1 48/11, zeml` 48/16, zemlqni1 49/4, zemle 50/19 zeml' 80/2 и многу други. Зборот korablq се пишува различно, па од една страна имаме korabq 291/17, korabnici 157/6, korabqnikomq 313/13, korabecq 414/10, а од друга страна korabli 132/4, korablq 157/4, korabl' 336/11, korablemq 349/12.

Во Слепч во именката zeml2 епентетското l го среќаваме без q во примерите: zeml2 16v/8, 53v/1, 85/4, 85/9, 86v/2, 97v/4, 102/18, 137v/2, 138/12, 154v/18, 156v/5, 170/18, 192/6, 196/20, 202/18, 204v/8, 212/1, 237/4, 239/14, zemli 29v/9, 39/2, 58/2, 89v/5, 95/15, 96/13, 99/6, 102v/11, 115v/19, 140v/4, 135v/19, 189v/20, 191/18, 192/20, 199v/17, 202/20, 202v/3, 217v/14, 231/4, 245/8, zeml1 35/16, 92/10, 106/1, 121/3, 196/19, 202v/10, 204v/7, 208v/3, 233v/1, 245/15, zeml` 77/5, 207v/10, 202v/18, 193/9, 204v/3, 202/7, poŒzeml12 152/20, 191/14, zeml1tq 217v/15, zemlx 233/20. Со q во помал број на примери: Zemlqnx1 49/17, zemlqna` 89v/4, 189v/19, zemlqnx 98/5, 104v/15, zemlqno 111/19, zemlqnxhq 194v/10, 197v/4, 230v/3. Има само еден пример со епентетско l со титла: Zem¢i 59v/6. Немаме ниту еден пример zeml` без епентетско l.

Во Слепч без епентетско l имаме: korabq 30/15, 15v/19, 126v/20, 127v/9, 236v/20, korabnikq 167/16, 237/6, korabnici 236v/11, 236v/18, 237/3. Со епентетско l во именката korablq имаме: korablqnxhq 34v/15, korabl1 124/2, korabl` 82v/8, 236v/10, 237/10, korablq 113/13, 122/15, 126v/7, 128/6, 157v/16, 236v/3, korabli 124/7, 237/16, korabli 236v/17, korabl2 237/3. Други примери со епентетско l: koupl1nou2 136/7, koupl2 168v/1, 195/8,

koupl12 168v/2. Други примери без епентетско l: koup' 104v/4, 107v/15, 126v/17, 127v/1, 239/9, 243/11, 245v/10, vqkoup' 148v/14, koupnou 194/4, koupno 233v/18. Епентетско l среќаваме кај именката riml`nina 60/20.

Во Слепч, кај пасивниот партицип и кај глаголските именки со епентетско l имаме: Сп.: pl1/2: wsl'pl1ni1 14/9, zastoupl1t? 64/13, kr'pl1i 92/9, koupl1nou2 136/7, istopl1ni` 167/10, koupl12 168v/2, povapl1ni 198v/3, Cstoupl2 38/13, nakapl2ti 95/2, iskoupl2 106v/5, trpl2 141v/1; vl1/2: sqstavl1nqna 5v/1, wstavl1ni1 8/2, `vl1ni1 10/10, blagoslovl1nx 17/4, ;rqvl1ni 81/14, izbavl1ni1 90/6, ougotovl1nnoi 116/13, nastavl1na 162v/20, `vl1n? 168/2, oudivl1ni1mq 168v/5, ispravl1ni1 195v/19, iskrivl1na 241v/19, proslavl2 3v/20, wstavl2 5v/7, gotovl2 47v/13, `vl2 95/7, postavl2 201v/14; bl1/2: vqzl2bl1n?nago 47/19, raslabl1nago 8v/4, sqdrobl1no 176v/7, spo‹bl1ni 197v/18, wslabl1ni1 234/14, l2bl1ni1mq 235/11, bl2da 7/2, bl2dq 67/20, sqbl2dohq 82/10, skrqbl2 104v/2, l2bl2 125v/11, oubl2 211v/10.

Во Слепч имаме еден пример во кој епентетското l се наоѓа пред нејотирано е. Сп.: sqstavlenje 35/12. Без епентетско l ги среќаваме глаголските именки: prisp1tq 234/10, l2b2 te 119/2, pogxbenx 35v/3, pogrebenq 40v/18, pogrebeni1 104/8, pogrebeni 109/1. Во Слоеш кај глаголските именки ги белешиме следните форми со епентетско l: vqzl2blennx 58/20, zastoupleni1 399/16, istopleni1 349/10, istoupleni1mq 169/8, okrqvleniaa 555/12, ostavleni1 371/13, pogoubleni1 291/6, pristouplenie 1/9, privle;eni1 261/2, sqvqkouplenie 260/8, oulovleni1 277/7, `vleni1 1$^{v}$/16, но и форми без епентетско l: Crinoveni` 262/6, povinoveni1 190/2, skriveni1 187/2, oumiveni1 301/4. Има примери од типот: ous'k?nknovena 21/20, bl²vene 48v/11, vqstavena 62/11, ous'knovenq 71/11, bavenq 66v/8, bl²veno 104/4, bl²veni` 105v/16, bl²veni1 130v/9, dqhnoven?noe 137v/9, pokrqvena 160v/8, dqhnoveni1mq 201/14, oumxveni1 225v/5.

Во Слоеш изговорот на епентетското l во говорот на пишувачот на текстот веќе бил ирелевантен, а тоа се потврдува и со примерите во кои имаме вметнато хиперкоректно епентетско l: drqznovleni1mq 65/1, drqznovleni1 469/20, drqznovlenx 470/2, наспроти редовното drqznovennomou 10/2, drqznoveni2 27/10, drqznoveni1mq 72/1, drqznoveni1 288/11. Името avraamq во Слепч се пишува со, и без епентетско l. Сп.: avraaml1mq 177/14, avraaml` 244/1, но во суштина имињата од истиот тип се пишуваат без l: avraama 6v/9, avraamq 66/10, avraamou 111v/15. Во Слоеш името avramQ се пишува без епентетско l. Сп.: avraamou 305/8, avrami1 423/5, avrami2 423/19, avraamq 483/7, но има еден пример со епентетско l: avraml1 348/3.

Во Слепч активниот партицип на минатото време во нашиот ракопис среќаваме епентетско l: rastoplq[em 16/17, pristouplq[I 48v/16, `vlq[ou 43v/20, wstavlq[I 117/8, `vlq[ago 169v/8, wstavlq[emq 173v/10, `vlq[omou 176/8, ougotovlq[a 215/11, wstavlq 109v/4, Cstouplq 201v/20, pristouplq 226/6. Во Слоеш кај активниот партицип на минато време следиме доследна употреба на епентетското l: vqkouplq[e 390/16, izbavlq[e 512/1, ostavlq[e 512/1, pristouplq[e 382/17, pr'stavlq[e 413/19. Со епентетско l во партиципите од типот: vqzl2blennomou 332/2, vqzl2blennx 58/20, iskrivlena 566/8, oslablenq 35/13, pogoublena 414/15, raslablen?naa 368/11, oudavlen?naa 563/16, oudavlenq 562/19, oukr'plenq 517/20. Паралелно со овие примери се среќаваат и примери без епентетско l: blgl²ven?nago 114/17, blg²lvenq 555/14, priskrqbenq 541/4, pokrivenq 416/11, pr'slavenq 370/6, oumxveni 301/4.

Во Слоеш без епентетско l се следи и зборот kopia 125/9. Во Слоеш со епентетско l се одбележани и форми од именката: koupl1ne 23/8, koupl` 164/4. Формата zr‹avi1 78/5 редовно се пишува со испуштено епентетско l: zr‹avq 179/9. Од овој збор не се среќава ниеден пример со запазено епентетско l.

На крајот би додале дека во повеќето македонски говори во бележењето на епентетското l се јавува двојство. Имено, едни форми се јавуваат и со епентетско l и без него, но по истражувањето на епентетското l во предметните ракописи, можеме да заклучиме дека

во ракописите постои тенденција за употреба на традиционалната графија на епентетско lL иако во говорот веќе не постоело.

Литература

[1] Кульбакин. С. М. 1907: *Охридская рукопись апостола конца XII в*. София. СП.
[2] Мошин. В. 1954: *Македонско евангелие на поп Јован,* Скопје.
[3] Марковиќ, М. С. Новотни. 2019: *Слепченски патерик (правописни и фонетско-фонолошки особености)*, Скопје.
[4] Новотни С., Марковиќ, М. 2022: *Македонски патерик од Слоештица (расчитан текст и орнаментика)*, Скопје.
[5] Jagic. V. 1898: *Evangelium Dobromiri: Ein altmacedonisches Denkmal der kirchenslavischen Sprache des XII*. Jahrhunderts.